# П О С Е Б Н И   У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ

-Пречистен текст-

## I. Воведни одредби

**Значење на одделни изрази**

Одделните изрази во овие услови ги имаат следните значења:

**Осигурувач** - Акционерското друштво за осигурување Евролинк-Скопје.

**Договарач на осигурување** - правно лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување.

**Осигуреник** - Туристичка агенција која врши туристичка дејност и чија законска одговорност е покриена со осигурување.

**Трето лице** - корисник на услугата на туристичката агенција кој ќе претрпи штета од вршителот на туристичката дејност.

**Сума на осигурување** - највисок износ на обврската на осигурувачот.

**Полиса** - исправа за склученото осигурување.

**Премија за осигурување** - износ што договарачот на осигурувањето односно осигуреникот го плаќа согласно договорот за осигурување.

**Осигурен случај** - иден неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот штетен случај, кој има за последица настанување на штета за кој надомест може да бара третото оштетено лице.

**Извор на опасност** - туристичката дејност од која може да настане одговорност како ризик покриен со ова осигурување.

## II.Основни одредби

**Член 1 Предмет на осигурување**

Предмет на осигурување согласно овие Услови е законската одговорност на туристичката агенција за имотна штета која ќе ја предизвика на корисниците на туристичките услуги, во рамките на дејноста за која има валидна лиценца, а согласно Законот за туристичка дејност и Законот за облигациони односи.

Со ова осигурување е покриена законската одговорност на туристичката агенција за штети кои се настанати и пријавени за времетраење на осигурувањето, како последица од иден, неизвесен и независен штетен настан, независен од вољата на осигуреникот, поради пропуст или грешка од небрежност, при совесно и професионално вршење на дејноста.

Со ова осигурување се опфатени сите штети предизвикани на трети лица - корисници на туристички услуги, за времетраење на осигурувањето.

Со осигурувањето не се опфаќа одговорноста за штета, која е предизвикана со дејствија преземени со намера, измама и грубо невнимание од страна на туристичката агенција.

**Член 2 Сума на осигурување**

1.Сумата на осигурување е горната граница на обврските на осигурувачот.

2.Минималната сума на осигурување на која може да се склучи договор за осигурување изнесува

-100.000 Евра за туристичка агенција со лиценца А

- 50.000 Евра за туристичка агенција со лиценца Б

во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на Р.Македонија на денот на склучувањето на осигурувањето.

Осигуреникот може да договори и повисока сума на осигурување од минималната, согласно тарифата на премии.

3.Доколку настанат повеќе штети кои произлегуваат од ист штетен настан и кои временски се поврзани, а ја надминуваат сумата на осигурување, обврската на осигурувачот е до сумата на осигурување.

4.Осигурувањето е ограничено со исплата на една сума на осигурување во осигурителната година (годишен агрегат).

Со исцрпување на сумата на осигурување престанува обврската на осигурувачот за исплата на штети.

**Член 3 Извор на опасности**

Туристичката агенција согласно Законот за туристичка дејност, ги врши следните услуги од кои може да настанат штетни настани како последица на грешки или пропусти при совесно и професионално вршење на дејноста и тоа:

-организирање и спроведување на туристички патувања, излети, екскурзии и други туристички аранжмани во земјата и странство;

- организирање и спроведување на туристички услуги со пакет аранжмани кои содржат најмалку две сместувања или услуги кога покрива период подолг од 24 часа, во кое е вклучено и сместување со ноќевање;
- давање на туристички информации и туристички промотивни материјали за сопствени аранжмани;
- продавање и посредување при продажба на угостителски и други туристички услуги;
- организирање и спроведување на работите околу издавање на куќи, станови и соби на туристи;
- вршење на услуги со туристички водичи;
- продавање и посредување во продажба на билети или резервации на места за сите видови превозни средства;
- организирање на културни и спортски манифестации;
- продавање на сувенири, туристичка литература и друга стока што вообичаено се продава во туристичкиот промет;
- продавање на влезници за културни, спортски и други приредби.

**Член 4 Осигурен случај**

1.Осигурен случај според овие услови е штетен настан поради пропуст или грешка предизвикани со небрежност на туристичката агенција при вршење на услуги, согласно Законот за туристичка дејност.

2.Се смета дека пропуст или грешка направени од небрежност настапиле оној момент, кога требало да се превземе некоја од пропишаните законски должности, за да се спречи настанување на штетата.

3.Се смета дека осигурениот случај настанал во оној момент кога се остварил штетен настан врз основа на кој би можело да се истакне оштетно побарување од страна на корисникот на услугата за настанатата имотна штета.

4.Осигурениот случај треба да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот.

**Член 5 Штети исклучени од осигурување**

Од осигурување се исклучени штетите кои настанале:

1.Со намера, измама, превара и грубо невнимание од вработените лица во туристичката агенција;

2.Поради неисполнување на договорените рокови;

3.Поради преземени обврски вон Законот за туристичка дејност;

4.Со вршење на туристичка дејност без дозвола за работа поради неисполнети законски услови;

5. Од вршење на менувачки работи и давање под наем на возила и пловни објекти;

6.Поради престанок на вршење на функцијата туристичка дејност;

7.Врз основа на договорно проширување на одговорност на осигуреникот за случаи за кои инаку по законот не одговара;

8.Поради виша сила, пожар и некои други опасности;

9.Поради војна, политички немири, бунтови, терористички акции, манифестрации, демонстрации и друго;

10.За штети што ќе ги претрпи осигуреникот, брачниот другар на осигуреникот, децата и други лица кои што живеат со него во заедничко домаќинство и кои е должен да ги издржува;

11.За грешки кои биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или неможеле да останат непознати;

12. Поради давање на услуги поврзани со превоз на патници преку сообраќајни претпријатија чии превозни средства не ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај;

13. Поради склучување на договори и преземање други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категорија на објектот потребни за вршење на угостителска дејност;

14. Поради неинформирање на корисникот за крајниот рок за известување на корисникот за откажување на пакет анражманот;

15. Поради неинформирање на корисникот за можноста за откажување на пакет анражманот;

16. Во сите случаи кога не може да се утврди одговорност на туристичката агенција во согласност со Законот за туристичката дејност и другите законски и подзаконски акти и Посебните услови за осигурување од одговорност на туристичките агенции.

Во секој случај, Осигурувачот не е во обврска да надомести штета, доколку осигуреникот не склучил договор за услови и начин на давање на услугата со корисникот на услугата, согласно член 15 и 16 од Законот за туристичка дејност.

**Член 6 Склучување на договор за осигурување**

Договорот за осигурување се склучува врз основа на усмена или писмена понуда, а склучен е кога договорните страни ќе ја потпишат полисата за осигурување.

Писмената понуда од став 1 од овој член, го обврзува понудувачот, доколку тој не определил покус рок, за време од 8 дена од денот кога понудата пристигнала до Друштвото.

Ако осигурувачот во врска со примената писмена понуда побара било какво дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот го примил бараното дополнување или измена.

Сите известувања и изјави што се даваат помеѓу договорните страни, а кои се однесуваат на одредбите од склучениот договор за осигурување, мора да бидат во писмена форма.

**Член 7 Почеток и престанок на осигурување**

Обврската на осигурувачот започнува по истек на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурување.

Обврската на осигурувачот престанува со истек на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е означен како ден на истек на осигурувањето.

Осигурувањето може да престане поради:

1.Престанок на вршење на туристичката дејност;

2.Одземање на лиценца за вршење на туристичка дејност и

3.Во други случаи согласно позитивните законски прописи.

**Член 8 Плаќање на премија**

Договарачот на осигурувањето, премијата за осигурување ја плаќа веднаш при склучување на договорт за осигурување, ако поинаку не е договорено.

Ако е договорено премијата да се плаќа во рати, осигурувачот може да засмета законска камата, во случај кога премијата не е платена до денот на стасаноста на договорената рата.

**Член 9 Промена на условите и тарифата**

При промена на Условите и Тарифа, осигурувачот е должен да го извести договарачот на осигурувањето писмено.

Извршените промени стапуваат на сила за наредниот период од осигурување.

**Член 10 Промена на адреса и име на фирма**

Договарачот на осигурување е должен за секоја промена на адреса и назив на фирмата и седиштето, да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на извршената промена.

Ако договарачот на осигурувањето не постапи според предходниот став, за важност односно валидност на известието упатено од страна на осигурувачот, доволно е осигурувачот да постапил според податоците со кои располагал во времето на известување.

**Член 11 Обврска на осигуреникот кога ќе настане осигурениот случај**

Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на оштетното побарување од оштетениот.

Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи увид во целокупната документација со уредна сметководствена евиденција и аргументирани факти кои се потребни за утврдување на причината и висината на штетата.

Осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги обезбеди и достави сите потребни документи за остварување на правото на регрес спрема одговорното лице за настанување на штета од член 20 став 2 од овие Услови.

Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави наод од надлежен орган, кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд.

Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата.

Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, тој е должен да го извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.

Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на штета и е должен да ги презентира сите документи од уредно водената евиденција и битните факти со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.

До колку осигуреникот не се придржува кон обврските од овој член самиот ќе ги сноси штетните последици кои ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и да се придржувал кон обврските.

**Член 12 Обврски на осигурувачот по поднесено барање од оштетениот**

Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на оштетеното лице, осигурувачот има обврска:

1.Заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани и претерани барања за надомест на штета (правна заштита);

2.Да ја надомести настанатата штета ( надомест на штета);

3.Да ги надомести трошоците по судска постапка (надомест на судските трошоци).

**Член 13 Правна заштита**

Обврската на осигурувачот за давање правна заштита опфаќа:

1.Испитување на одговорноста на осигуреникот за настанатата штета;

2.Водење спор во име на осигуреникот ако оштетениот остварува право на надомест на штета во парничната постапка;

3.Давање во име на осигуреникот изјави кои што смета дека ќе бидат од корист за задоволување или за одбрана од неосновано или претерано барање за надомест на штета.

Ако е поднесена тужба директно против осигуреникот, тој е должен веднаш да го извести осигурувачот и да се придржува на упатствата дадени од осигурувачот.

Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред поведување на спорот, престанува и обврската на правна заштита.

**Член 14 Надомест на штета**

Осигурувачот го исплатува надоместот на штета во рок од 14 дена сметано од денот кога е утврдена обврска и висината на таа обврска.

До колку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите докази и факти битни за утрдување на основот и висината на штетата, осигурувачот нема да изврши исплата на штета се додека не се достави потребната документација.

**Член 15 Надомест на судски трошоци**

Ако спорот е воден со знаење и согласност на осигурувачот со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот.

Трошоци за кривична постапка, како и трошоци за застапување на осигуреникот, осигурувачот не е во обврска да ги надомести.

Кога ќе ја изврши својата обврска со исплатата на сумата на осигурување, осигурувачот се ослободува од понатамошни давања на име надомест и трошоци.

**Член 16 Непосредно барање од оштетеното лице**

Ако оштетеното лице, своето барање и тужба за надомест на штета го упати само спрема осигурувачот, осигурувачот ќе го извести за тоа осигуреникот и ќе го повика да му ги даде сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки заради заштита на своите интереси.

Доколку во случајот од претходниот став осигурувачот одлучи да му исплати надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**Член 17 Утврдување и процена на штета**

Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот со оштетениот, односно нивни овластени преставници.

Штетата се утврдува и проценува врз основа на уредна документација, достапна на увид на овластениот преставник на осигурувачот, а согласно на Законот за облигационите односи и Законот за туристичка дејност.

**Член 18 Вештачење на штета**

До колку при утврдување и проценување на штетата не се согласат договорните страни и оштетениот, може да побараат штетата да се утврди и процени по пат на вештачење.

Секоја од договорните страни и оштетениот писмено го именува својот вештак. За вештаци може да се именуваат лица кои се во работен однос кај нив, а кои не учествувале во претходната проценка.

Пред почетокот на вештачењето, именуваните вештаци бираат вештак за претседател, а кој е со високо образование и не е во работен однос кај договорните страни. Претседателот дава стручно мислење по спорните прашања на вештаците.

Предмет на вештачење можат да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ќе бидат предмет на вештачењето, како и постапката за вештачење, конкретно ги определуваат договорните страни со писмен договор за вештачење .

Секоја договорена страна и оштетениот ги сноси трошоците за својот вештак, а за претседателот ги сносат сите страни подеднакво.

**Член 19 Висина на надомест на штета**

Висината на надоместот на штета не може да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.

Надоместот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурувањето, со што престанува и обврската на осигурувачот.

**Член 20 Право на регрес**

Осигурувачот има право на регрес од осигуреникот, односно право на повраќај на штета од оштетениот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот, односно оштетениот не му се презентирани точни и вистински податоци, односно докази за надомест на штета.

Осигурувачот има право на регрес од одговорното лице за настанатата штета (превозник, давател на угостителски услуги и други лица кои пружат туристички услуги), во висина на исплатениот надомест на оштетениот.

**Член 21 Застарување на побарувањето**

Барањето за надомест на штета причинета со повреда на должноста на туристичките агенции а поднесено од страна на оштетениот субјект, застарува согласно на одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 22 Територијално важење на осигурувањето**

Осигурувањето важи за сите земји во светот, освен ако поинаку не е договорено во полисата за осигурување.

**Член 23 Надлежност на судот во случај на спор и примена на законите**

За споровите кои ќе произлезат од примената на овие Услови ќе решава стварно надлежниот суд.

За односите помеѓу договорените страни се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Општите услови за осигурување од одговорност и Посебните услови за осигурување од одговорност на туристичките агенции.

**Член 24 Важност на** Општите услови за осигурување од одговорност

Составен дел на договорот за осигурување склучен според овие Посебни услови за осигурување одговорност на туристички агенции, се Општите услови за осигурување од одговорност, а доколку нивната содржина е во спротивност со овие Посебни услови, се применува соодветната одредба од Посебните услови.

Овие Посебни услови за осигурување од одговорност на туристичкие агенции се донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк – Скопје на 34-та редовна седница одржана на 30.05.2007 година, со Одлука број 0202-3407/6, со примена од 30.05.2007 година и измените и дополнувањата донесени на 100-та редовна седница на Одборот одржана на ден 28.03.2014 година со Одлука број 0202- 2305/12 со примена од 01.04.2014 година.

**Скопје, Март 2014 година**